**ООУ "ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ" - Скопје**

**Извештај од дисеминација на обука Erasmus+ проект**

**Име на обуката:** CREATIVE THINKING-Problem Solving-Managing Classrooms and Opening Minds for 21st Century

**Време и место на реализација:** 5.VII 2024 година, во ООУ„Јохан Хајнрих Песталоци“ – Центар, Скопје

**Учесници:** Наставници од основните училишта во општина Центар - Скопје

**Реализатор:** Јасмина Михаиловска, одделенски наставник во ООУ„Јохан Хајнрих Песталоци“

**Содржина на обуката:** Дисеминацијата беше организирана со однапред планирани активности и нивно времетрање. На учесниците им беше споделена Агендата за работа и се потпишаа во списокот за евиденција на присуство.

Дисеминацијата на обуката од Еразмус+ проектот на тема **„ Креативно размислување- решавање проблеми, менацирање во училница и отварање на умовите за 21.век“** се реализираше на 5 Јули 2024 година во период од 9 до 17 часот.

Дисеминацијата се реализираше во три сесии и тоа:

1. Стратегии за надминување на бариерите за креативно размислување
2. Дивергентно и конвергентно размислување
3. Стратегии за генерирање нови идеи, решавање проблеми и поттикнување на иновации.







Мојот дел од дисеминацијата беше во третата сесија која беше интересна и многу корисна за примена во наставната

работа. Зборувавме за стратегии кои можат да допринесат да се мотивира секој еден ученик за да се вклучи во задачите кои ги дава наставникот.



Обработивме неколку техники како што се:

- **Брејнсторминг**
- **Мапирање на умот**
- **Шест размислувачки шешири**

Наставниците беа ставени во улога на ученици и по пат на најразлични активности решаваа задачи за да ја стимулираат својата креативноста.

Играа игри за кои се дискутираше за можностите да создадат средина во која секој учесник би се чуствувал комотно и сигурно за да превземат ризик и да се обидат да најдат нови решенија во пристапноста на проблемот